**МИНИСТЕРТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Врз основа на член 33 став (3) од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија“ број 13/13) министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА КАМПИРАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на планот за уредување на просторот за кампирање.

## Член 2

(1) Планот за уредување на просторот за кампирање се состои од текстуален и графички дел.
(2) Текстуалниот дел се изработува во А4 формат и содржи податоци за:
- корисникот на автокампот,
- вкупната површина на автокампот,
- површината на просторот за кампирање,
- начинот на оградување на просторот за кампирање и на камп единиците,
- просторот наменет за сместување на возилата,
- бројот на камп единици за поставување на опремата за кампирање (шатор, камп приколка и камперско возило),
- површината на секоја камп единица поединечно,
- начинот на обележување и означување на камп единиците,
- минималната површина на просторот за кампирање по гостин (кампер),
- процентот на просторот за кампирање односно камп единиците кои имаат можност за приклучување на електрична енергија,
- поставеноста и бројот на тоалети и кујни во просторот за кампирање,
- начинот на испуштање на отпадна вода од камперските возила кои се со тоалети и
- пристапните патеки до камп единиците како и за начинот за пристап на лица со посебни потреби.

(3) Графичкиот дел содржи графички приказ на просторот за кампирање изработен во соодветен размер (1:200, 1:500 или 1:1000), во кој се означени камп единиците (посебно се означуваат камп единици наменети за кампирање со шатори, со камп приколки и со камперско возило), тоалетите, кујните и пристапните патишта до камп единиците.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Број 01-7457/1 | Министер |
| 26 јули 2013 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески,** с.р. |